# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КОНЧЕ

| Службен гласник на Општина Конче Бр.1/2010 | КОНЧЕ 01.02.2010 ГОДИНА | Излегува по потреба |
|---|---|---|
| e-mail:opstina.konce@mt.net.mk | ж.с/ка 735014073863019 | Д.Б.4023005118934 |


Врз основа на член 50 став 1 т.2 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), Градоначалникот на општина Конче донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите донесени на 14-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 28.12.2009 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 14-та седница на Советот на општина Конче одржана на ден 28.01.2010 година:

1. Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Лакавица“-Конче за 2009 година;
2. Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Конче за 2010 година;
3. Заклучок за усвојување на Извештај за состојбата во јавниот ред и мир и безбедноста на сообрќајот на патиштата;
4. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Конче за 2010 годинабр. 07-1005/7 од 25.12.2009 ;
5. Одлука за одобрување на парични средства на Димитар Илиев од с. Дедино;
6. Одлука за одобрување на парични средства на Црковен одбор на црквата Св. Спас с. Габревци;
7. Одлука за давање согласност на барателот Абдураман Исмаилов за отпочнување на постапка за изработка на локална планска документација за КП 4942, КО-Конче;
8. Одлука за давање согласност на барателот Живко Ј Николов за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички план за село Лубница, КО-Конче.

**Број 08-46/ 11** **Општина Конче**
**Дата 01.02. 2010** **Градоначалник**
**Конче** **Стојан Лазарев с.р.**

Врз основа на чл.36 ст.1 т.9 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.31 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 28.01.2010 г. донесе:

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извешајот за работата на ЈП *Лакавица*- Конче за 2009 година

1. Се **УСВОЈУВА** Извешајот за работата на ЈП *Лакавица*- Конче за 2009 година број 03-08/1 од 20.01.2010 г.

2.Заклучокот влегува со денот на неговото донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 07-46/3 Совет на
Дата 28.01. 2010 општина Конче
Конче Претседател
Стојче Коцев с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (Сл. Весник на РМ бр.111/08), чл.62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и чл. 11 ст.1 т.15 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 28.01.2010 г. донесе:

**П Р О Г Р А М А**

За одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Конче за 2010 г.

Во планирањето и димензионирањето на работата,работната рака и механизацијата за одржувањетона јавната чистота на јавните Површини и Патишта ,како клучни фактори се земени:

- Одредувањето на нивото и динамикатана одржување на кумуналната јавна чистота на јавните површини (категоризацијата)
- Димензиите,типот и формата на јавните површини (големина)
- Начинот на одржување на јавната чистота
- Пресметка на нормитеза работа врз кои се врши димензионирањето на работата,работната рака и механизацијата.

**Потекло и вид на сметот на јавно собракајните површини**

Според начинот на живење и работење на луѓето одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:

-Густина на населеност
-Градскиот собракај
-Станбениот простор
-Културните навики на населението
-Стандардот
-Самодисциплината на граѓаните
-Придружување на позитивната прописи

Од овие фактори е условен и степенот на згаденост на ЈПП начинот и динамиката на одржување на иатата.

1. **Секој дневен смет**:

А)Обичен уличен смет
-кутии од цигари и кибрити, отпадоци од цигари
- искористени билети, хартија од разни пакувања
- останати отпадоци од сличен карактер

Б)Отпадоци од возила кој настануваат при:
- при превоз на разновиден материјал(градежен материјал,овошје зеленчук и технолошки материјал)

- при товарање и растоварање на разни стоки
- при собирање на домашен смет
- при косење на тревни површини

В) Загадување од атмосверата
- загадување од чад , прав
- индустриски оџаци
-гасови од моторни возила

Г)При интензивно врнење на дождови
- наноси од земја,песок,лисја и друго

2. **Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има два вида
- лисја од дрвјата,земјоделси отпад, суви гранки и слично
- песок , згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на ЈПП површини заради намалување на лизгавоста која по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се острани.

**Категоризација на ЈПП за утврдување на редоследот на чистење по денови во месецот**

За изработка на организационен план за чистење на ЈПП еден од важните фактори е категоризацијата на ЈПП. Категоризацијата на ЈПП зависи од: населеноста на самото место, распоредот на работните и стамбените објекти, интензитетот на сообраќајот.

**1. Категорија**

Населено место Конче и нас. место Дедино каде улиците се со густа фрекфенција на движење ќе се чистат два пати во неделата вклучуваки ги и празниците. Работите ќе се изведуваат ноќе.

**2.Категорија**

Густо населени улици во населените места Ракитец, Д. Липовик, Лубница и Габревци, со густа фрекфенција за движење. Работите ќе се изведуваат еден работенден во неделата.

Работите од овие две категории ќе се изведуваат дење со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на нокни мразеви.

Во зимскиот период ког паѓањата од снег се поголеми од 15 см. Во колку Кординативното тело за елементарни непогоди нема издадено посебна наредба , работниците кој ја одржуваат чистотата на јавните прометните површини ке работат во населените места на општината и ќе извршуваат следниве работи:
- Отварање на пешачки премини
- Отварање на пешачки патеки по улиците
- Целосно чистење на мостовите
- чистење и празнење на уличните корпи

3. **Категорија**

Густо населени улици во населените места со послаб градски промет и луѓе, односно споредните улици во населеното место Конче и нас. Место Дедино. Работите ќе се изведуваат два дена во месецот.

4. **Категорија**

Улица од кои се собираат отпадоци со рачни колички после ноќното чистење на истите.Тоа се споредните улициво нас. места Ракитец.Д.Липовик,Лубница и Габревци.Работите ке се изведуваат еден работен ден во месецот.

Миењето на ЈПП се врши рачно со црево.Работата се извршува еднаш месечно 7 пати во годината по завршувањето на зимските месеци.

5. **Категорија**

Во ова категорија спаѓа:изнесувањето на песок, камен, кал, лисја по поројни дождови.

**Повремени работи**

Како повремени работи се јавуваат Пречистување на ЈПП по барање на органите на Локалната самоуправа за време на државните празници, по барање на инспекциските служби и

др.Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во програмата за одржување на ЈПП за 2010г. не се предвидени следниве активности:

- Слободните површини кои не се наменети за промет на собраќај.
- Расчистување на диви депонии

**1-ва Категорија**

**Метење на јавни и собраќајни површини и улици, два дена во неделата 22-05ч.0:**

| Ред.бр | Име на површината | m2 |
|---|---|---|
| 1. | централните улици во населено место Конче | 2500 |
| 2. | Централните улици во населено место Дедино | 2000 |

**2-ра Категорија**

**Метење на јавни-сообраќајни површини и улици еден ден во неделата од 07-14ч:**

| | Име на површина | м2 |
|---|---|---|
| 1. | централните улици во населено место Ракитец | 2000 |
| 2. | централните улици во населено место Д.Липовик | 2000 |
| 3. | централните улици во населено место Лубница | 1000 |
| 4. | централните улици во населено место Габревци | 1000 |

-Површини кои служат како приоди во колективните станбени згради.

**3-та Категорија**

**Метење на јавни-сообраќајни површини и улици два дена во месецот од 07-15ч**

| Ред.бр | Назив на површината | м2 |
|---|---|---|
| 1. | Споредни улици во населено место Конче | 2000 |
| 2. | Споредни улици во населено место Дедино | 1000 |

**4-та Категорија**

**Улица од кои се собираат отпадоци со рачни колици еден ден во Месецот 08-15ч.**

| Ред.бр | Назив на површината | м2 |
|---|---|---|
| 1. | Останати улици во населено место Ракитец | 1000 |
| 2. | Останати улици во населено место Д.Липовиќ | 1000 |
| 3. | Останати улици во населено место Лубница | 500 |
| 4. | Останати улици во населено место Габревци | 500 |

## П Р Е Г Л Е Д

**на годошен физички обем за одржување на јавната чистота на јавно променетите површини во 2010г.**

| Р.бр | Категорија | Опис на работа | Површина М2 | Денови | Годишна површина |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Кат 1 | метење два дена во неделата | 4500 | 102 | 459 000 |
| **2.** | Кат 2 | метење еден ден во неделата | 6000 | 51 | 306 000 |
| **3.** | Кат 3 | метење два дена во месецот | 3000 | 24 | 72 000 |
| **4.** | Кат 4 | Улица кои се собираат отпадоци со пачни колици еден ден во месецот | 3000 | 12 | 36 000 |
| **5.** | Кат 5 | Рачно миење со црево еднаш месечно 5 пати во годината | | 5 | |

## П Р Е С М Е Т К А

**За потребните финансиски сретства за спроведување на предложената програма за издржување на чистотата на Јавно Прометните Површини за 2010г.**

| Р.бр | Позиција на работа | е.м | количина | ед.цена | износ во ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Метење два дена во неделата | М2 | 459 000 | 0.3 | 137700.00 |
| 2. | Метење еден ден во неделата | М2 | 306 000 | 0,2 | 61 200.00 |
| 3. | Метење два дена во месецот | М2 | 72 000 | 0,2 | 14400.0 |
| 4. | Улици од кои се собират отпадоци со рачни колици еден ден во месецот | м | 36 000 | 0,2 | 7 200,00 |
| 5. | Рачно миење на улиците со црево еднаш месечно 5 пати во годината (во летниот период) | Тура | 30 | 1000 | 30 000,00 |
| 6. | Изнесување на земја,камен и кал во поројни дождови | Тура | 200 | 400 | 80 000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | | **330 500,00** |

За квалитетно извршување на работните задачи неопходна е обнова на садовите за собирање на смет од ЈПП.За тековната 2010г. планирана е набавка на :

| Ре.бр | Опис | Количина во бр. |
|---|---|---|
| 1. | Лимени улични корпи за смет | 30 |
| 2. | Бетонски улични корпи за смет | 10 |
| 3. | Метални контејнери | 7 |

Лимените улични корпи за смет ќе постават во сите населени места.
Бетонските улични корпи за смет ќе се постават во близина на Институционални објекти во сите населени места.
Контејнерите ќе се постават по еден на централните улици во сите населени места во општина Конче.

П Р Е Г Л Е Д
на непосредни извршители на програмата

| Ред.бр | РАБОТНО МЕСТО | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1 | Чистачи на Јавно Променети Површини | 4 |
| | Вкупно | 4 |

| | |
|---|---|
| 1.Домаќинства<br>-Станбена површина | 80 000,00 |
| -Дворна површина | |
| 2.Претпријатија<br>-паботни простории | 10 800,00 |
| -ЈПП површина | 239 700,00 |
| ВКУПНО | 330 500,00 |

За реализирање на програмата предвидени се следните извори на сретства:

| | |
|---|---|
| 1.Преку цената на сметот за одржување на ЈПП | 110 250,00 |
| 2.Преку Буџет на Општина Конче за одржување на ЈПП | 220 250,00 |
| Вкупно | 330 500,00 |

Предвидените приходи од домакинствата и претпријатијата за реализирање на програмата се замени како да се наплатени во целост.

Провлекувањето на средствата од буџетот на Општина Конче ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Конче по доставени месечни ситуации од страна на ЈКП "Лакавица"

**Влегување во сила на Програмата за јавна чистота на ЈПП на општина Конче.**

Програмата за јавна чистота на ЈПП на општина Конче за 2010 година влегува во сила 8(осум) дена од денот на објавување во службен гласник на општина Конче .

Број 07-46/4 Совет на
Дата 28.01. 2010 општина Конче
Конче Претседател
Стојче Коцев с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,
Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 28.01.2010 г. донесе:

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извешајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС ОН - Радовиш за втората половина од 2009 г.

1. Се **УСВОЈУВА** Извешајот за состојбата во областа на јавниот ред и мир безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС ОН- Радовиш за втората половина од 2009 г. Број 29.11.1-7/7 од 05.01.2010 г.

2 .Заклучокот влегува со денот на неговото донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 07-46/5 Совет на
Дата 28.01. 2010 општина Конче
Конче Претседател
Стојче Коцев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/2004 , 96/2004 и 67/07) и член 11 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Конче ("Службен гласник на Општина Конче бр. 4/2006 ), како и дополнувањето на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на РМ и другите избрани и именувани лица ("Службен весник на РМ " бр.121/2007 и 161/2008 ) со кој закон се регулирани и платите и надоместоците од плати и на Градоначалниците на општините и Градоначалникот на Град Скопје, Советот на општина Конче на седницата одржана на 28.01.2010 година , донесе

О Д Л У К А

за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Конче за 2010 година бр. 07-1005/7 од 25.12.2009

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Конче за 2010 година (Службен гласник на општина Конче бр. 17/2009) во членот 9 став 1 вредноста на бодот за утврдување на бруто платите на вработените кои имаат статус на државни службеници од 75,3 денари се заменува со 73,85 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Конче", а ќе се применува од 01 Јануари 2010 година.

Број 07-46/6 Совет на
Дата 28.01. 2010 општина Конче
Конче Претседател
Стојче Коцев с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 28.01.2010 г. донесе:

ОДЛУКА

За одобрување на парични средства на Димитар Илиев од с.Дедино

Член 1

По Барање бр. 03-36/1 од 18.01.2010 г. од Димитар Илиев со ЕМБГ 2510971464009 од с.Дедино се одобруваат парични средства во висина од 6.000 денари, помош за лекување на неговиот син Мартин Илиев роден 01,03,1998 г. поради дополнително лекување по послеоперативен зафат .Средствата да се уплатат на сметка 210501582755645, депонент Тутунска Банка Радовиш.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето а ќе се објави во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 07-46/7 Совет на
Дата 28.01. 2010 општина Конче
Конче Претседател
Стојче Коцев с.р.

Врз основа на чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и чл.11 ст.1 т.43 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 28.01.2010 г. донесе:

ОДЛУКА

За одобрување на парични средства на Црковен одбор Св. Спас од с. Габревци

Член 1

По Барање бр. 03-87/1 од 28.01.2010 г. од Црковен одбор Св. Спас од с. Габревци се одобруваат парични средства во висина од 15.000 денари, потребни за доплата на лустер поставен во црквата Св. Спас од Габревци.

Средствата да се уплатат на сметка 3700511001087-93, депонент ЕУРОСТАНДАРД БАНКА-Скопје , на правното лице Светлина Дизајн Квалитет -Прилеп од каде е набавен лустерот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето а ќе се објави во *Службен гласник на општина Конче*.

Број 07-46/8 Совет на
Дата 28.01. 2010 општина Конче
Конче Претседател
Стојче Коцев с.р.

Врз основа на член 17 а став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 91/09) и член 36 од Законот за локална самоуправа и член 11 ст.1 т. 7 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 28.01.2010 година донесе:

ОДЛУКА

За давање согласност на барателот Абдураман Исмаилов од Конче за отпочнување на постапка за изработка на локална планска документација за КП 4942, КО-Конче

Член 1

Со ова одлука се дава согласност на барателот Абдурман Исмаилов за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка

планска документација за КП бр 4942, КО- Конче.

Член 2

Односите помеѓу барателот и единицата за локална самоуправа- Општина Конче ќе се регулираат со посебен договор со кој комплетно ќе бидат уредени сите пашања во делот на регулурањето на меѓусебните права и обврски.

Член 3

Ова одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување,а ке се објави во Службен гласник на Општина Конче.

Број 07-46/9 Совет на
Дата 28.01. 2010 општина Конче
Конче Претседател
Стојче Коцев с.р.

Врз основа на член 17 а став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 91/09) и член 36 од Законот за локална самоуправа и член 11 ст.1 т. 7 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 28.01.2010 година донесе:

ОДЛУКА

За давање согласност на барателот Живко Ј Николов од Конче за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички план за село Лубница,КО-Конче

Член 1

Со ова одлука се дава согласност на барателот Живко Ј Николов за отпочнување на постапка за изработка на урбанистички план за село Лубница , за КП бр:1460,1461,1459,1452,1458,1457,1453,1456,1455,1454,1448,1447, КО Конче.

Член 2

Односите помеѓу барателот и единицата за локална самоуправа- Општина Конче ќе се регулираат со посебен договор со кој комплетно ќе бидат уредени сите пашања во делот на регулурањето на меѓусебните права и обврски.

Член 3

Ова одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување,а ќе се објави во Службен гласник на Општина Конче.

Број 07-46/10 Совет на
Дата 13.05. 2009 општина Конче
Конче Претседател
Стојче Коцев с.р.

***С О Д Р Ж И Н А***

1. Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈКП ΙЛакавицав-Конче за
2009 година;
2. Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Конче за 2010 година;
3. Заклучок за усвојување на Извештај за состојбата во јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот на патиштата;
4. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Конче за 2010 годинабр. 07-1005/7 од 25.12.2009 ;
5. Одлука за одобрување на парични средства на Димитар Илиев од с. Дедино;
6. Одлука за одобрување на парични средства на Црковен одбор на црквата Св. Спас с. Габревци;
7. Одлука за давање согласност на барателот Абдураман Исмаилов за отпочнување на постапка за изработка на локална планска документација за
КП 4942, КО-Конче;
8. Одлука за давање согласност на барателот Живко Ј Николов за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички план за село Лубница, КО-Конче.

***„Службен гласник на Општина Конче“***